# СООПШТЕНИЕ

## за утврдени рокови за завршување на додипломски студии според студиските програми 1998-2003

Студентите запишани на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Шумарски факултет во Скопје) на студиските програми Механичка технологија на дрвото и Проектирање и технологија на мебел и ентериер воведени во учебната 1998/99 година (студенти запишани во прва година заклучно со учебната 2003/04 година, односно запишани пред воведување на ЕКТС системот), треба да ги завршат студиите под услови кои важеле при уписот заклучно со завршување на септемврискиот испитен рок во учебната 2012/2013 година.

Студентите кои не ги завршиле студиите во претходно утврдениот рок, може да продолжат да студираат според студиските програми што се во важност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истите, со поднесување на барање за продолжување на студиите според важечките студиски програми и со давање на изјава дека се согласни да ги прифатат условите на плаќање и полагање на испити.

Во спротивно, студентите го губат правото на студирање.

Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Факултет за дизајн и технологии
на мебел и ентериер - Скопје